Врз основа на член 39 од Статутот на општина Струмица ("Сл.гласник на општина Струмица" број 5/06) –пречистен текст, Градоначалникот на општина Струмица, објавува

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

1. Се организира јавна анкета и јавна презентација по:

- Нацрт–Деталниот урбанистички план за дел од Блок 33-2 во град Струмица со граничен опфат помеѓу улиците „Јосиф Јосифовски Свештарот" , „ Сандо Масев", „ Невена Стојкова" и „ Прохорпчински ".
- Нацрт–Деталниот урбанистички план за дел од Блок 14 во град Струмица со граничен опфат помеѓу улиците „Ката Поцкова" , „ Ѓорги Василев" и „ Климент Охридски ".
- Нацрт–Деталниот урбанистички план за дел од Блок 3-А Урбана единица 1 во град Струмица со граничен опфат помеѓу улиците „ Климент Охридски" , Просенички пат и Крива Река.
- Нацрт–Деталниот урбанистички план за дел од Блок 4 Урбана единица 1 во град Струмица со граничен опфат помеѓу улиците „ Климент Охридски", „ Братство Единство" (новопроектирана) и Крива Река.

Решението за организирање јавната анкета е објавено на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам и комунални работи , ВЕБ страницата на Општина Струмица, "Службен гласник на општина Струмица" и средствата за јавно информирање.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови од денот на објавувањето на Решението.

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

Јавната презентација ќе се одржи во просториите на Дом на АРМ Струмица :

- на ден 27.01.2009 година во 11,оо часот за Нацрт–Деталниот урбанистички план за дел од Блок 33-2 во град Струмица.

- на 27.01.2009 во 11,30 часот за Нацрт–Деталниот урбанистички план за дел од Блок 14 во град Струмица.

- на 27.01.2009 во 12,оо часот за Нацрт – Деталиот урбанистички план за дел од Блок 3-А Урбана единица 1 во град Струмица.

- на 27.01.2009 во 12,30 часот за Нацрт–Деталниот урбанистички план за дел од Блок 4 Урбана единица 1 во град Струмица.

Бр. 08-6859/5
12.01.2009 год.
Струмица

Градоначалник
на општина Струмица
Зоран Заев